**Годишен извештај на Министерството за образование и наука за напредокот на состојбата на еднаквите можности за жените и мажите**

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Орган на државна управа (назив)** | Министерство за образование и наука |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Наташа Јанковска, координатор за еднакви можности (посебен советник во Кабинет на министер)<br><br>Билјана Трајковска, заменик координатор за еднакви можности (државен советник за стратешко планирање) |
| **Период на известување** | 2017 година |
| **Датум на поднесување на извештајот** | 05.03.2018 година |

**Одговорно лице кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност**

**Датум, 05.03.2018 година**

**Име и презиме**
Рената Дескоска,
министер, с.р

Бр.01-2924/1
06.03.2018

## *2.* НАВЕДЕТЕ ГИ СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ:

**2.1. Преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете)**

А) Позитивни
Б) Охрабрувачки
В) Програмски

Преземени основни мерки:

Во однос на сензибилизирање на родовиот концепт во областа на образованието, по неколку годишна пауза, повторно се отворени (доделена е квота за упис) додипломските родови студии при Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје – Институт за родови студии.

Во месец јули и септември 2017 година, Министерството за образование и наука повлече од употреба два учебника во кои беше нотирана дискриминација по различни основи, меѓу кои и по основ на род и пол. Имено, министерот за образование и наука со решение формираше Комисии за давање предлог за повлекување од употреба на одобрен учебник, учебникот „Општество” за четврто одделение и за учебникот „Граѓанско образование” за осмо одделение во основно образование. Така на пример во учебникот „Граѓанско образование” за осмо одделение, Комисијата нотираше дека во делот за Правата на жената на страна 34 од учебникот, се врши дискриминација на жената врз основа на здравствена состојба, физичка и интелектуална попреченост, дискиминаторски се и ставовите за жените кои не можат да имаат деца, односно не се мајки. Понатаму, Комисијата констатира и дека користењето на религиозни „аргументи” во објаснувањето на причините за дискриминација на жената во оовј учебник е научно проблематично. Во учебникот се забележува и дискриминација на жената врз основа на религиозна догма. Авторите без оградување, религиозните сфаќања во христијанството ги претставуваат како вистинит факт. Врз основа на извештаите на комисиите и наодите за дискриминација, министерот за образование и наука донесе решенија со кои овие два учебника се повлечени од употреба.

Согласно Правилникот за начинот на вршењето на анализата на содржините на наставните планови, програми и учебниците од аспект на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија” бр. 125/2015), во месец септември 2017 година формирана е Работната група која ќе врши анализата на содржините на наставните планови, програми и учебниците од аспект на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите. Работната група започна со анализа на наставната програма и учебникот по македонски јазик за второ одделение.

**2.2 Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**

Елиминирањето на стереотипите и воведување на родово сензитивно образование во целиот образовен систем е еден од предусловите за изградба на родово недискриминирано општеството. Образованието е главниот движечки фактор во формирањето на ставовите, нормите, и вредостите за родовите улоги во општеството, исто така, и во искоренувањето на стереотипите за родовите улоги. Покрај медиумите, културата и спортот, образованието е камен темелник во насока на постигнување на родова еднаквост. Начинот на прикажување на мажите и жените, особено во учебниците и другите наставни средства кои се користат во образовниот процес, можат да бидат од пресудно значење во формирањето и обликувањето на ставовите кај децата кои подоцна како возрасни луѓе ќе ги задржат ставовите формирани под влијание на воспитувањето и образованието.

Согласно членот 6 од Законот за еднакви можности, кој се однесува на образованието, потребно е обезбедување на механизми за отстранување на предрасудите и стереотипите во врска со воспоставување на еднаквите можности. Оттука, потекнува потребата за вршење на анализата на содржините на наставните планови, програми и учебници. Начинот на вршење на анализата од аспект на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите опфаќа квантитативна и квалитативна анализа на содржините на наставните планови, програми и учебници.

**2.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])**

1. Ревидирана и унапредена Концепција за изработка на учебник и методологијата за вреднување на учебник од аспект на родовата еднаквост
2. Ревидирани наставни програми од аспект на родовата компонента и соодветно изготвени нови наставни програми
3. Ревидирани учебници од аспект на родовата компонента и соодветно изготвени нови учебници

**2.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот**

## *3.* НАВЕДЕТЕ ГИ ПРЕЗЕМЕНИТЕ ИНИЦИЈАТИВИ ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД:

**3.1. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на органот на државната управа (ОДУ), согласно член 11 од ЗЕМ:**

Со Решение на Министерот за образование и наука бр.08-13283/1 од 03.11.2017 година, формирана е Работна група за спроведување и следење на родово буџетски иницијативи во Министерството за образование и наука. Работната група изготви анализи на податоците од Програмата за унапредување и развој на студентскиот стандард за последните пет години, односно подготви родово релевантни статистички податоци за доделените стипендии од страна на министерството (сегрегирани по род)

Работната група исто така, во соработка со Министерството за труд и социјална политика подготви Родово буџетска изјава за програмата „Унапредување на образовниот систем од аспект на родовата компонента (еднакви можности на жените и мажите)"

**3.2. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**

Креирани се родово сензитивни индикатори (квантитативни и квалитативни). Квантитативните се однесуваат на бројот на стипендии и износот/буџетот издвоен соодветно за девојчиња и момчиња студенти. Квалитативните индикатори се однесуваат на изборот на студиска програма за студирање, која влијае на вработиливоста на студентките и студентите.

---

[1] ***Аутпут индикаторите*** ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програмии мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

**3.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (пример за индикатор)**

4. Ревидирана и унапредена Концепција за изработка на учебник и методологијата за вреднување на учебник од аспект на родовата еднаквост
5. Ревидирани наставни програми од аспект на родовата компонента и соодветно изготвени нови наставни програми
6. Ревидирани учебници од аспект на родовата компонента и соодветно изготвени нови учебници
7. Зголемен бројот на девојчиња корисници на стипендии од областа на техничко-технолошки науки, ИТ и био-технички за 20% до 2020 година
8. Зголемен број на девојчиња запишани на студиски програми од областа на техничко-технолошки науки, ИТ и био-технички науки за 20% до 2020 година

**3.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот:**

Родово буџетската изјава на Министерството за образование и наука е објавена на веб страната на Министерството, на следниот линк
*http://www.mon.gov.mk/index.php/dokumenti/strateshki-plan*

## *4.* СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ И БАЗА НА ПОДАТОЦИ:

**4.1. Наведете ги активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите кои Вашата институција ги реализирала во соработка со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**

- Подготовката на изјавата за родово одговорно буџетирање е извршено во соработка со невладини оргнизации (Центар за управување со промени)
- Работни групи за повлекување на учебници

**4.2. Дали базата на податоци со која располага ОДУ е разделена по пол?**
**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси**
*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**

Вкупен број на жени вработени во Министерство за образование и наука: 151
Вкупен број на мажи вработени во Министерство за образование и наука: 75

Вкупен број на жени на раководни позиции (државен советник, раководител на сектор, помошник раководител на сектор, раководител на одделение): 18
Вкупен број на мажи на раководни позиции (државен советник, раководител на сектор, помошник раководител на сектор, раководител на одделение): 8

**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол**

**од одредени програми, услуги, мерки итн.)**
*** приложете документ со краток опис на програма/услуга и податоци разделени по пол за <u>предвидени</u> корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за <u>опфатени</u> корисници, целни групи итн.**

Вкупен број на ученички и ученици во основно образование: 193.524, од кои 93.623 ученички
Вкупен број на ученички и ученици во средно образование: 76.623, од кои 36.104 ученички

Број на наставници во основните училишта: 18.171, од кои 12.587 се жени
Број на наставници во средните училишта: 7.501, од кои 4.449 се жени

Република Македонија, во академската 2016/2017 година се запишани вкупно 58 083 студенти. Бројот на запишани студентки изнесува 32 297 или 55.6%.

Вкупен број на дипломирани студенти во 2016 изнесува 8.247. Процентот на дипломирани студенти-жени изнесува 58.0%. (4.787)

Бројот на наставници и соработници во високообразовните установи во академската 2016/2017 година изнесува 4 114. Бројот на наставници и соработници - жени во учебната 2016/2017 година изнесува 1 910 или 46.4%.

Во студиската 2013/2014 година за стипендии за студенти девојчиња издвоени се 45.645.750 мкд, додека за студенти момчиња издвоени се 18.610.560 мкд

Во студиската 2014/2015 година за стипендии за студенти девојчиња издвоени се 47.343.213 мкд, додека за студенти момчиња издвоени се 19.507.773 мкд

Во студиската 2015/2016 година за стипендии за студенти девојчиња издвоени се 51.139.944 мкд, додека за студенти момчиња издвоени се 19.475.541 мкд

Во студиската 2016/2017 година за стипендии за студенти девојчиња издвоени се 60.522.111 мкд, додека за студенти момчиња издвоени се 24.554.142 мкд

Во прилог на Извештајот се детални анализи од Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард

## 5. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ И ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ СОГЛАСНО СТРАТЕШКИТЕ ДОКУМЕНТИ ОД ОБЛАСТА НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ:

**5.1. Наведете кои се вашите обврски согласно Стратегијата за Родова Еднаквост (СРЕ), Националниот план за акција и оперативниот план за годината за која се известува.**
**Опишете според:**
**а) Постигнати резултати**
**б) Реализирани активности**
**в) Индикатори за мерење успешност**
**г) Потрошени средства за реализирани активности од областа на родовата рамноправност и извор на средства**

Она што може да се заклучи е, дека во основното и средното образование, се забележува истата полова структура меѓу ученичките и учениците. Бројот на учениците кои го прекинале образованието во основното образование е незначителен (и кај ученичките и кај учениците). Во однос на бројот на запишани и дипломирани студенти се забележува зголемен број на запишани и дипломирани студентки наспрема студенти, односно процентот на запишани студентки изнесува 55.6%, додека процентот на дипломирани студенти-жени изнесува 58.0%. Поголемата вклученост на девојчињата од етничките заедници во средното и високото образование, исто така, е во нагорен тренд.

Започнат е процесот на ревидирање на наставните програми и содржини од аспект на родовата рамноправност и отстранување на стереотипите и предрасудите кои се главните причини за дискриминацијата на жените/девојчињата изразена низ содржините и кои значително влијаат врз нивната професионална ориентација во понатамошниот образовен процес.

Министерството за образование и наука (МОН) и Бирото за развој на образованието (БРО) во соработка со Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО) започна со активности за унапредување на наставата по граѓанското образование во основното и средното образование во Република Македонија. За таа цел, формиран е стручен тим кој ќе работи на концепт за унапредување на наставата по граѓанско образование во основно и средно образование и ќе даде насоки и поддршка на работните групи во изработката на наставните програми, имајќи ја предвид и специфичната стратешка цел 2.4 од Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020, за креирање на модул за родова еднаквост во предметот општество/граѓанско уредување во основно и средно образование.

**5.2. Дали надлежностите и задачите на координаторот и заменик координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во органите на државната управа?**

Надлежностите и задачите на координаторот и заменик координаторот, не се предвидени во актот за систематизација на работни места

**5.3. На кои обуки во текот на извештајниот период координаторот и заменик координаторот имаат присуствувано?**

Работилница (обука) за подготовка на Акциски план за родова еднаквост 2017-2020, одржана на 15.11.2017 година, во х. Александар Палас, организирана од Министерството за труд и социјална политика

Работилницата (обука) за Родово одговорно буџетирање (подготовка на Изјава за родово одговорно буџетирање), одржана на 16.11.2017 во организација на Министерството за труд и социјална политика.

**Дали тие во обуките се јавиле како:**

**а) слушатели**
б) обучувачи

| |
|---|
| **5.4. Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и анти-дискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). имаат посетено:**<br>**а) координатор за еднакви можности**<br>**б) заменик координатор за еднакви можности**<br><br>Координаторот и заменик координаторот за еднакви можности се именувани во месец септември 2017 година. |
| **5.5. Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашиот ОДУ, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**<br><br>**Ве молиме опишете:** Изјавата за родово одговорно буџетирање е јавно објавена на интернет страната на министерството. Во финална фаза е процесот на регистрација на е-системот на учење на МИОА, согласно што вработените во Министерството ќе бидат известени да ја следат и поминат е-обуката за родова еднаквост (основно и напредно ниво). |
| **5.6. Колку и кои иницијативи (предлог закони, предлог стратегии, предлог информации до влада, предлог акциски планови, предлог буџети, предлог стратешки планови) координаторот и заменикот координатор за еднаквите можности на жените и мажите имаат доставено до ОДУ?**<br><br>Координаторот и заменик координаторот за еднакви можности, активно учествуваа во изготвување на Акцискиот план за имплементација на Стратегијата за родова еднаквост 2017-2020 |
| **5.6. Колку од тие иницијативи биле успешни?**<br>/ |

## *6.* ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ:

| |
|---|
| **6.1 Наведете дали и со какви предизвици сте се соочиле во текот на извештајната година и какви предлози за нивно надминување сте дале**<br><br>До Министерството за образование и наука пристигнати се неколку реакции од Народниот правобранител на Република Македонија, од граѓанскиот сектор и родители за постоењето на стереотипи и предрасуди за улогите на жените и мажите во наставните содржини и учебници на сите нивоа на образование. Врз основа на овие реакции, во месец јули и септември 2017 година, Министерството за образование и наука повлече од употреба два учебника во кои беше нотирана дискриминација по различни основи, меѓу кои и по основ на род и пол. |
| **6.2 Споделете пример за добра или лоша пракса** |

Пример за добра пракса:
Работните групи за повлекување на учебници во кои се утврдени стереотипи и предрасуди за улогите на жените, беа составени од повеќе претставници, како од креаторите на политиките (министерство, Биро за равој на образованието), така и од имплементаторите (наставници) и граѓанскиот сектор.

**6.3. Наведете примери за научени лекции**

При изготвување на идните учебници, особено внимание треба да се посвети на надминување на стереотипите и предрасудите за улогата на жените и мажите во општеството, но истовремено не треба да се внимава само на елементите на дискриминација на жената, туку и да се внесуваат позитивни примери на успешни жени (научници, просветни работници, изумители, лекари....).

## 7. ОПИШЕТЕ ГИ ВАШИТЕ СЛЕДНИ ЧЕКОРИ:

**7.1. Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегија за родова еднаквост, друг стратешки документ на ОДУ итн.)**

Во 2018 година, Министерството за обрзование и наука ќе ја следи имплементацијата на Родовата буџетска изјава (изготвена за прв пат) и ќе презема мерки за нејзина редовна и успешна реализација.

Планирано е ревидирање на наставните програми и учебниици и од аспект на родовата компонента (недисктриминација по род и пол).

Измена на законската регулатива од обласа на образованието и задолжително внесување на одредби за забрана на дискриминација по секој основ (вклучително и по основ на пол и род) – онаму каде нема ваква одредба

## 8. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА:

**8.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:**
**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост**

**б) Имплементација на Стратегија за родова еднаквост во секторските политики/програми**

/